# Латински фрази (прв дел)

## (Hannibal) ante portas - (Ханибал) пред портите

Значење и употреба:
Ханибал бил картагински војсководец кој со децении војувал против Римјаните. Кога со својата многубројна војска успеал да се пробие до главните порти на Рим, римските граѓани стрепеле од страв дека наскоро ќе бидат нападнати во опсада. Во преносна смисла оваа фраза го носи значењето дека опасноста е тука или дека непријателот демне во наша близина.



## Tabula rasa - Празна табличка

Значење и употреба:
Човек без искуство и знаење, неук човек. Најчесто во погрдна смисла: „Ништо не разбираш, ти си табула раса“. Може и во некоја наивна смисла да се употреби во реченицата, особено за децата или новороденчињата, кои се без стекнато искуство поради раната младост.

## Modus vivendi - Начин на живот

Значење и употреба:
Во следниот контекст „Луѓето во овој крај имаат поинаков modus vivendi“, односно живеат според своите правила и обичаи.

## A priori - Од претходното

Значење и употреба:
Кога сакаме да кажеме дека нешто знаеме или тврдиме без оглед на нашето искуство. Најчесто се употребува во следниот контекст: „Ти *a priori* сметаш дека Ангел е виновен, иако не си бил присутен кога го скршил стаклото од прозорецот“. Значи, фразата се употребува кога нашите или туѓите сфаќања се засновани врз претпоставки или предрасуди, надвор од вистината, односно од она што го нуди искуството.

## A posteriori - Од последичното

Значење и употреба:
Кога сакаме да кажеме дека нешто знаеме или тврдиме врз основа на нашето искуство. Најчесто се употребува во следниот контекст: „Јас *a posteriori* сметам дека Ангел е виновен. Бев тука кога пукна стаклото од прозорецот“. Значи, фразата се употребува кога нашите или туѓите сфаќања и тврдења се засновани врз искуството, во прилог на вистината.

## Panem et circenses - Леб и игри

Значење и употреба:
Оваа фраза првично ја изумил римскиот поет Јувенал во *Десеттата сатира* (стих 18) за да прикаже што е тоа што му е потребно на римскиот цар за да ја задоволи и замолкне толпата. Во денешно време се употребува тогаш кога некој сака да прикаже како власта или властодржецот го смирува незадоволството на народот со храна и забава за да го одврати од најважните општествени прашања како што се вработувањето, сигурноста, висината на платите, човековите права и слободи и др. На пр.: „Само panem et circenses за народот, а потоа власта може да си ужива во богатењето“.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND